**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/2016), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за субвенционирање на претпријатија за воведување и сертифицирање на ХАЛАЛ систем

**1. Предмет на јавниот повик** е субвенционирање на претпријатија за воведување и сертифицирање на ХАЛАЛ систем, преку кофинансирање на 70% од докажаните трошоци направени за оваа намена, но не повеќе од 200.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016 година дел II, А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерка 5 - Финансиска поддршка за воведување и сертифицирање на ХАЛАЛ систем („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/2016) предвидени се средства во вкупен износ од 1.800.000 денари.

**2. Право на учество на јавниот повик имаат** сите активни претпријатија кои ги исполнуваат следните услови:

- Работење во траење од најмалку шест месеци пред објавувањето на јавниот повик *(упис во трговскиот регистар);*
- Имаат деловно седиште на територијата на Република Македонија;
- Намирени обврски кон државата и вработените.

Овие субвенции **не се наменети** за *:*

- Претпријатија над кои е покрената стечајна постапка или ликвидација.
- Претпријатија кои биле субвенционирани за воведување и сертифицирање на ХАЛАЛ систем во 2014 и 2015 година.

Доколку претпријатието кое аплицира за кофинансирање на трошоци по основ на оваа мерка престане со вршење на дејност пред истекот на 1 година од датумот на објавување на јавниот повик (освен во случај на смрт или трајна неспособност), во тој случај лицето – основач на фирмата има обврска да врати 80% од доделените финансиски средства по основ на предвидените намени во период од 12 месеци.

**3. Потребни документи за пријавување:**

- Пополнет Образец **„ Барање – ХАЛАЛ 2015 “** *( може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk.)*
- Пополнет Образец **„Изјава– 2016“, заверена на нотар** *(Изјавата од барателот за доделена државна помош, може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија* ***www.economy.gov.mk*** *);*
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Македонија, не постаро од 2 (два ) месеци;
- Договор за воведување на ХАЛАЛ систем помеѓу барателот и овластен консултант/консултантска куќа склучен во текот на 2015 или 2016 година (датумот на Договорот да е пред датумот на издадениот сертификат), заверен на нотар;
- Договор за сертификација на ХАЛАЛ систем помеѓу барателот и Агенцијата за Халал Стандард во Македонија, склучен во текот на 2015 или 2016 година (датумот на Договорот да е пред датумот на издадениот сертификат), заверен на нотар;
- Сертификат за ХАЛАЛ систем од Агенцијата за Халал Стандард во Македонија, издаден во текот на 2015 или 2016 година.
- Фактура за направени трошоци за воведување на ХАЛАЛ систем од овластен консултант/консултантска куќа;
- Фактура за направени трошоци за сертифицирање на ХАЛАЛ систем од Агенцијата за Халал Стандард во Македонија;
- Извод од банка од кој се гледа дека апликантот целосно ги подмирил обврските за направените трошоци по приложените фактури;
- Уплатница на износ од 300,00 *денари ( Цел на дознака: Уплата на административна такса, Примач: Буџет на РМ, Трезорска сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840 _ _ _ (во зависност од општината) 06116, Приходна шифра и програма: 725930 00 )*

**Горенаведената документација се доставува во оригинал или копии.**
**Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.**

Барањата за субвенционирање ќе ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија. Изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик, ќе се прави запазувајќи го принципот “ прв дојден, прв услужен“, односно по редослед на поднесување на апликацијата, до исцрпување на расположивите средства.

Еден апликант може да користи субвенции само еднаш по овој Јавен повик.

Јавниот повик е објавен на веб страницата на министеството за економија www.economy.gov.mk и на порталот www.konkurentnost.mk

Барањата со комплетна документација се доставуваат во Архивата на Министерството за економија, ул. “Јуриј Гагарин” 15, Скопје, **до 31.05.2016 година**.